Врз основа на член .... од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје на ден .... 2021 година, донесе

# ПРАВИЛИК
# ЗА СТУДИРАЊЕ НА ДАЛЕЧИНА

**Општи одредби**

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите, постапката и правилата за студирање на далечина на прв и втор циклус на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (во натамошниот текст УТМС).

Студиите на далечина на прв и втор циклус на студии на УТМС ги води, организира и контролира Проректорот за настава на УТМС во соработка со Деканите на единиците.

**Реализација на наставата на далечина**

Член 2

Студирањето на далечина претставува формализиран систем на едукација на студентите со кој, преку користење на компјутерска технологија и интерактивни наставни материјали се обезбедува пристап до наставниот процес.

Студирањето на далечина е организирано во семестри, исто како настава за редовни студенти.

Наставата кај студиите на далечина подразбира одржување настава во т.н. виртуелна училница која се одвива со посредство на интернетот, односно платформа за електронско учење (со одвоени локации на професорите и студентите).

**Организација на наставата на далечина**

Член 3

Студирањето на далечина се организира за студенти кои студираат далечински и тоа најмалку 1/4 од фондот на настава за редовни студии.

Студентите кои студираат на далечина се должни да бидат физички присутни на проверката на знаењата (колоквиуми, испити), согласно наставниот план и програма на Универзитетот.

Одредбите од став 1 и 2 на овој член може да се дерогираат во исклучителни ситуации (пример, вонредна состојба), кога наставата и проверката на знаењата може да бидат организирани и целосно на далечина.

**Присуство на настава на далечина**

Член 4

Студенти кои студираат далечински се должни да присуствуваат односно учествуваат во утврдените облици на изведување на настава на најмалку 80% од предвидениот фонд на часови за изведување на настава.

**Начин на изведување на наставата на далечина**

Член 5

Со цел изведување на online настава, предметните наставници се должни на студентите кои студираат на далечина, исто како и на редовните студенти, да им обезбедат наставни материјали, презентации, аудио и/или видео презентации, интерактивни и мултимедијални материјали, кои уредно ќе бидат поставени на платформата Е-студент односно во виртуелната училница.

Динамиката на поставување на наставните материјали, по правило, ја следи динамиката на настава на редовниот студиум и обработката на обемот на наставните целини кои се изведуваат на редовната настава, согласно наставниот план.

Наставните материјали треба да бидат креирани на начин на студентите да им овозможат самостојно совладување на градивото.

**Техничка поддршка за изведување на настава на далечина**

Член 6

Со цел ефикасно изведување на наставата на далечина, Универзитетот им обезбедува на студентите адекватна ИТ платформа, e-mail адреса и континуирана техничка поддршка.

Универзитетот задолжително креира корисничко упатство за користење на системот на далечина од страна на студентите и наставниот кадар.

**Полагање на испити**

Член 7

Испитите за студентите кои студираат на далечина се полагаат во просториите на универзитетот, освен во случаите одредени во член 3, став 3 на овој Правилник.

**Останати права и обврски за студентите кои студираат на далечина**

Член 8

Во поглед на реализација на правата и обврските на студентите кои студираат на далечина, за истите важат правилата кои се преименуваат на студентите во текот на редовната настава.

Член 9

Овој Правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.

Претседател на Сенат

доц. д-р Дејан Наковски